РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
## ЗА АПРИЛ 2008 ГОДИНА

**Мај, 2008**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. Царинската управа партиципираше на априлските состаноци на Комитетот за царински закон во делот за транзитните постапки (Customs Code Committee – Transit section) и на EC-EFTA работната група во врска со Конвенцијата за заеднички транзит и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока (EC-EFTA Working Group on "Common Transit" and the "Simplification of Formalities in Trade in Goods"). Теми на состаноците беа повеќе технички аспекти за имплементација на одредбите од Конвенциите, како и поврзаноста со Модернизираниот царински закон на ЕУ кој треба да стапи на сила во блиска иднина.

2. Со цел унифицирање на постапката и начинот на работење на Комисиите за поедноставени постапки при царинарниците, Царинската управа во април донесе инструкции за начинот на подготвување извештаи за извршени контроли на компании иматели на одобрение за поедноставена царинска постапка.

3. Во насока на понатамошна промоција на поедноставените царински постапки како инструмент за олеснување на трговијата, Царинската управа подготви и публикуваше брошура во која на едноставен начин се опишуваат критериумите и начинот за аплицирање и добивање одобрение за поедноставени царински постапки, како и придобивките кои би ги имале економските оператори од користењето на овие постапки.

4. На почетокот на април четири ИТ и царински експерти ангажирани преку Европската агенција за реконструкција (ЕАР) започнаа со работа и подготовка на техничка спецификација на новиот национален транзитен софтвер. Меѓутоа, веќе после една недела работа, еден од клучните експерти се откажа од работа и целиот проект е стопиран од страна на ЕАР. Покрај веќе значителното пролонгирање со реализацијата на овој проект, последниот застој претставува сериозен ризик за навремена замена на националниот транзитен софтвер и навремено започнување со реализацијата на проектот финансиран од фондовите на ИПА 2007 за подготовка на техничка спецификација за изработка на софтер за поврзување на новиот национален транзитен софтвер со соодветните системи на ЕУ. Имајќи ја предвид незавидната состојба на постојниот национален транзитен софтвер и опасноста од негов прекин на работа, застојот на работата за негова замена го зголемува ризикот од можен целосен застој или долготрајно и скапо отежнување на увозно-извозните активности на Република Македонија.

5. И во овој месец продлжена е праксата на царинските службеници на Република Грција рачно да го пречкртуваат оригинално внесеното име на Република Македонија во царинските и комерцијални документи издадени од официјални органи и приватни компании на трети држави кои ја пратат стоката која до Република Македонија транзитира преку Република Грција.

   Ваквото однесување е во спротивност со меѓународно прифатената пракса и меѓународните конвенции, а пред се спротивно на член 5, став 3 (слобода на транзит) од Општата спогодба за царини и трговија – GATT, билатералните договори за слободна трговија, TIR Конвенцијата, CMR Конвенцијата, како и Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и ЕУ.

   Со менувањето на податоците во транзитните документи, економските оператори од Република Македонија и од трети земји се ставени во многу неповолна позиција, со оглед на тоа што преференцијалното потекло на стоката кое се докажува со уверение

за движење EUR.1 или изјава во фактура, често не се доделува, со што директно се кршат одредбите од Договорите за слободна трговија помеѓу две земји, предизвикано од трета земја.

6. На 14-ти април беше одбележан денот на Царинската управа. По тој повод беше одржана работна конференција на тема "Поедноставени царински постапки - Олеснување за трговијата и економските оператори". Поедноставените постапки се еден од приоритетите на Царинската управа кои обезбедуваат олеснување на трговијата, економски и финансиски погодности, како и заштеда на време и средства. Иако како инструмент се на сила веќе две години, многу малку се применети во пракса од стана на компаниите (издадени се 60 одобренија за две години). За користите и придобивки од употреба на овие постапки свое видување дадоа претставници на компаниите Цементарница УСЈЕ од Скопје и ИГМ Трејд од Кавадарци кои се иматели на одобренија за локално царинење при увоз, извоз и овластен примач. Излагање на тема придобивките од поедноставените постапки имаше и координаторот на холандскиот твининг проект г-дин Пим Беркузен, претседателот на Стопанската комора на Македонија г-дин Бранко Азески и претседателот на Стопанска комора на Северозападна Македонија г-дин Џемаил Даути. На конференцијата беше презентирана намерата на Царинската управа да формира советодавно тело во кое членство ќе имаат претставници од сите три стопански комори, претставници од транспортни здруженија, како и од шпедитерската организација.

7. Со цел зголемување на транспарентноста во работењето и информирање на патниците кои ја поминуваат границата, Царинската управа изработи брошура за условите за внесување и изнесување ефективни пари и чекови во меѓународниот патнички сообраќај и истата ја објави на интернет страната. Исто така, Царинската управа до Министертвото за финании достави предлог иницијатива за измени на Одлуката за условите и висината на износот на ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, усогласена со одредбите на Законот за спречување на перење пари.

8. Во април се извршени понатамошни унапредувања на функционалноста на софтверската апликацијата МИС (Management Information System), апликацијата Border, апликацијата за персоналната евиденција, апликацијата за кривични пријави и апликацијата за Help Desk. Истовремено продолжи имплементацијата на системот за контрола на кориснички пристап - Microsoft Active Directory 2003, со кој во април беа опфатени две гранични и три внатрешни царински испостави, како и Службата за управна постапка во рамките на Царинарница Скопје.

9. Во рамки на проектот за воспоставување едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување, инсталиран е серверскиот дел, а продолжи инсталацијата на мрежниот дел и распределбата и инсталацијата на техничката опрема на другите државни институции. Во тек е тестирање на софтверот.

10. Во април 2008 година Царинската управа наплати 4.118 милиони денари (околу 67 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 525 милиони денари (околу 8,5 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.497 милиони денари (околу 57 милиони евра) на име ДДВ, 75 милиони денари (околу 1,2 милиони евра) на име акцизи и 21 милиони денари (околу 0,3 милиони евра) на име надоместоци. Во споредба со истиот месец 2007 година, вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 27 %.

Во периодот јануари - април 2008 година Царинската управа наплати 15.556 милиони денари (околу 253 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки што е 29% повеќе во однос на истиот период 2007 година. Од вкупно наплатените буџетски приходи во периодот јануари - април 2008 година, на име царина и царински давачки наплатени се 1.889 милиони денри (околу 30,7 милиони евра) што е за 2% помалку од истиот период 2007 година. На име ДДВ наплатени се 13.309 милиони денари (околу 216,4 милиони евра), што е за 35,4% повеќе во однос на истиот период 2007 година. На име акциза наплатени се 283 милиони денари (околу 4,6 милиони евра) што е 2% повеќе во однос на истиот период 2007 година. На име надоместоци наплатени се 75 милиони денари (околу 1,2 милиони евра) што е 56% повеќе во однос на истиот период 2007 година.

## II. Административени капацитет

11. Царинската управа продолжи со спроведување на програмата за обуки, при што, во април 2008 година беа реализирани следните активности:
    - во соработка со Гранична полиција одржни се четири обуки на тема идентификација на дрога (ЦИ[1] Ново Село, ЦИ Стар Дојран, ЦИ Богородица и ЦИ Кавадарци), на кои учествуваа 9 царински службеници,
    - во рамки на Проектот за гранична полиција во Охрид е одржана работилница за меѓуинституционална соработка, со цел унапредување на интегрираното гранично управување, на која учествуваа 11 царински службеници,
    - во рамките на Проектот за борба против корупцијата, во периодот од 07-11.04.2008 година, во хотел Арка во Скопје, во организација на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Амбасадата на Обединетото Кралство, одржана е работилница (водена од експерт од италијанскиот Антимафија Директорат) наменета на управувањето со проектите за Националната разузнавачка база на податоци на која учествуваа 2 претставници од Царинската управа,
    - во организација на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Македонскиот институт за медиуми, во Скопје се одржа обука на службени лица за посредување со информации од јавен карактер на која учествуваше и Царинската управа,
    - во организација на Министерството за правда, Јавно обвинителство и меѓународниот институт за виши кривични судии, во Академијата за обуки на судии и обвинители во Скопје се одржа обука за специјални истражни мерки на која учествуваа два царински службеници,
    - во соработка со Амбасадата на САД во Скопје се одржа "Обука за препознавање на стоки во врска со оружје за масовно уништување – обука за обучувачи" на која учествуваа 13 претставници од Царинаската управа,
    - одржана е основна обука за нововработените царински службеници според програмите за основна обука на тема МАКЦИС и мерки на трговска политика, за 16 царински службеници,
    - во Утрехт, Холандија, пет претставници од Царинската управа присуствуваа на обука за запознавање со нетарифни мерки, нивното спроведување и соработка со другите министерства,
    - реализирана е студиска посета на координативното тело за заштита на правата од интелектуална сопственост во Прага, Чешка,

[1] Царинска испостава

- еден претставник од Царинската управа замина на двомесечна обука за ракување со огнено оружје во националното училиште за царински бригади во Ла Рошел, Франција,
- во периодот од 21 – 25 април 2008 година Царинската управа учествуваше на обука за собирање на информации и соединување на разузнавачки податоци што се однесуваат на стратегиите за регионална борба против пролиферацијата. Обуката се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина во организација на Амбасадата на САД и НАТО.

## III. Интегритет и борба против корупција

12. Во април 2008 година се извршени 19 истражни постапки за цррински службеници и 9 внатрешни инспекции во организационите единици на Царинската управа.

    Во истиот период се реализирани шест дисциплински постапки против шест царински службеници, од кои во пет случаи е донесена дисциплинска мерка престанок на работен однос со Царинската управа, а во еден случај изречена е мерка парична казна

## IV. Транспарентност

13. Во април 2008 година преку отворената царинска телефонска линија број 197 се примени 7.942 повика или 264 просечно дневно, од кои:
    - 16 повика се А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
    - 10 повика се Б класа (информации кои барааат натамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
    - 14 повика се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници),

    До Гранична полиција упатени се 43 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи упатени се 6 барања за проверка на податоци на лица. На сите упатени барања е добиен одговор.

    Во делот на континуираното зголемување на транспарентноста во информирањето на вработените и пошироката јавност, во април 2008 година на интранет порталот на Царинската управа се објавени 26 информации, додека на официјалната интернет страница се објавени 23 информации на македонски, англиски и албански јазик.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

14. Врз основа на разузнавачки информации и анализи на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во април 2008 година извршија преглед на 357 камиони, 43 автобуси, 476 автомобили или на вкупно 876 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки). Истовремено, и

царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети:

- 163.600 парчиња цигари,
- 166 литри алкохолни пијалоци,
- 4.133 парчиња текстилни производи и облека,
- поголема количина на храна и прехрамбени производи - 3.340 кг замрзнато месо (пилешки гради, свинско каре, телешко месо), 350 кг мелен и дробен ориз, 60 кг сушено овошје, 39 кг биено сирење, 21 кг чаден кашкавал, 65 кг слатко во тегли, 288 парчиња сос во тегли, 9 кг органска обвивка за сувомеснати производи, 2 кг зачин, 160 парчиња чоколади, 31 кг кафе и 150 парчиња ролати и торти,
- 1.700 парчиња таблети „Декорт„ и 38 шишенца сируп „Сипрактион„ 240 мл.
- 8,4 литри пестициди за земјоделство (84 шишенца од 100 мл)
- 10 кг течен метал – жива (Hg),
- поголема количина на стока наменети за религиозни процедури (450 метри платно, 41 литар темјан, 864 кутии фитили за кандила, 138 парчиња рачно декорирани шишиња, 18 парчиња чаши за кандило, 18 шарчиња рачно декорирани чаши, 26 парчиња украси од гипс, 1 комплет садови за црковни церемонии, 500 парчиња ДВД филмови, 300 парчиња книги и 101 парче бошури со верска пропагандна содржина),
- 3.000 парчиња алармни копчиња за облека и 3.000 парчиња игли за иститe,
- 504 парчиња керамички чаши,
- 60 парчиња слики обвиени со метална фолија,
- 18 парчиња мебел (столици, маси, двоседи и сл.),
- 13 литри детергент за подови,
- 60 парчиња очила,
- 326 парчиња козметички средства и препарати за шминка за лице, очи и нокти,
- 120 сетови за нокти,
- 1.200 кг сув малтер,
- 11 вреќи глет маса,
- 2.800 метри жица за струја,
- 7.340 парчиња завртки и наврткi
- 200 грама златен накит (35 златни прстени и 17 златни нараквици),
- 1 сеф,
- 1.450 парчиња различни автомобилски делови,
- електрични апарати и делови – 1 парче ЛЦД телевизор, 36 парчиња употребувани ЛЦД монитори, 1 парче лап топ компјутер, 1 парче фрижидер за сладолед, 2 парчиња печки за домакинство,
- алати, машини и делови – 1 парче мотокултиватор, 1 парче електромотор, 1 парче редуктор, 1 парче половна машина за миење возила, 1 парче употребувана моторна пила, 1 парче компресор и 1 сет комплет опрема за компресор,
- 139.900 евра,
- 160.000 американски долари,
- 10.000 австралиски долари.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа доставени се 234 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 71 барања по прекршочна пријава за возила од Министерството за внатрешни работи, 23 барања по записник за царински прекршок од Секторот за контрола и истраги, 106 барања по записник за царински прекршок од царинските испостави, а останатите 34 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во април реши 33

предмети во редовна и скратена постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 3,7 милиони денари (околу 62,6 илјади евра) и одземе стока во вкупна вредност од 407 илјади денари (околу 6,6 илјади евра).

Во истиот период Царинската управа поднесе 14 пријави за покренување за кривична постапка против 15 физички лица и 6 правни лица. Во текот на април Царинската управа издаде 166 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 1,2 милиони денари (околу 20 илјади евра).

Во април 2008 година Царинската управа донесе 234 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 5,4 милиони денари (околу 87,5 илјади евра).

Во април 2008 година Царинската управа спречи 14 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 54.216 парчиња различна стока со следната структура:

- 960 парчиња со лого на трговската марка NIKE (120 пара патики и 840 пара чорапи),
- 1.410 парчиња со лого на трговската марка ADIDAS (957 пара патики, 432 пара чорапи и 21 пар тренерки),
- 387 парчиња со лого на трговската марка PUMA (129 пара патики, 228 пара чорапи и 30 пара фармерки),
- 648 пара патики со лого на трговската марка CONVERSE,
- 106 парчиња со лого на трговската марка DIESEL (70 парчиња ремени, 24 парчиња очила за сонце и 12 парчиња футроли за очила),
- 163 парчиња со лого на трговската марка D&G (90 парчиња ремени, 30 парчиња долна облека, 26 парчиња очила за сонце и 17 парчиња футроли за очила),
- 864 парчиња со лого на трговската марка BOSS (780 парчиња парфеми и 84 пара патики),
- 74 парчиња со лого на трговската марка ARMANI (15 парчиња капи, 42 парчиња блузи и 17 парчиња футроли за очила),
- 18 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка GUCCI,
- 59 парчиња со лого на трговската марка LACOSTE (44 парчиња блузи и 15 парчиња капи),
- 150 парчиња блузи со лого на трговската марка TOM TAILOR,
- 19 парчиња кошули со лого на трговската марка VERSACE,
- 69 парчиња со лого на трговската марка CHRISTIAN DIOR (46 парчиња очила за сонце и 23 парчиња футроли за очила),
- 140 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка RAY BAN,
- 12 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка CHANEL,
- 51 парче часовници со лого на трговската марка CASIO,
- 1.405 парчиња кутии за мобилни телефони со лого на трговската марка NOKIA,
- 85 парчиња кутии за мобилни телефони со лого на трговската марка SONY ERICSSON,
- 1.046 парчиња телевизори со лого на трговската марка GORENJE,
- 4.800 парчиња CD со лого на трговската марка PRINCO,
- 20.110 парчиња светилки со лого на трговската марка PHILIPS,
- 1.450 парчиња светилки со лого на трговската марка OSRAM,
- 16.990 парчиња паста за заби со лого на трговската марка COLGATE,
- 3.200 парчиња влажни марамчиња со лого на трговската марка MERCEDES BENZ.

Во април 2008 година прифатени се 2 нови барања за преземање на carински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост за Head&Shoulders и G-Star.

Во истиот период, Царинската управа спроведе уништување на 1.093 парчиња различна фалсификувана стока (патики, тренерки, блузи), за која по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост се потврди дека е фалсификат и ги повредува правата од интелектуална сопственост. Уништената стока беше од следните трговски марки: Adidas, Puma, Kappa и Lacoste.

15. Царинската управа продолжи со максимална употреба на мобилните рентгенски скенери за контрола на камиони и контејнери, деноноќно патролирање на мобилните тимови, прибирање, анализа и диструбуирање на разузнавачки информации до царинските испостави и со преземање мерки за санкционирање на прекршување на законите.

Во последните извештаи на меѓународните организации за координација, контрола и анализа на правците на прекугранично движење на нелегалната трговија и шверц (посебно со цигари), Република Македонија е се помалку присутна.

## VI. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

16. Кон крајот на април 2008 година беше реализирана посета на Република Словачка со цел добивање на основни информации и запознавање со функционирањето и имплементацијата на TARIC базата. За време на посетата договорена е понатамошна соработка и интензивирање на активностите преку реализација техничка помош во вид на семинари и обуки за воведување на TARIC Република Македонија.

17. Во април беше завршена тендерската постапка за три проекти кои се однесуваат на реформи на Царинската управа финансирани преку инструментот за предпристапна помош на ЕУ – ИПА 2007. Со имплементација на проектите: (1) Техничка помош за понатамошно усогласување на законодавството со Acquis, (2) Техничка помош за зајакнување на граничните контроли и (3) Техничка помош за унапредување на царинскиот ИТ систем, ќе се овозможи законодавно усогласување и зајакнување на капацитетот на Царинската управа за правилна примена на царинското законодавство, како и понатамошно приближување на царинското работење кон стандардите на Европската унија.

18. Во насока на воспоставување на полна електронска размена на податоци, продолжуваат со реализција активностите во рамките на Пилот проект за прекугранично олеснување на трговијата помеѓу Република Македонија, Република Бугарија и Република Србија, финасиран од Владата на Соединетите Американски Држави, преку U.S. Trade and Development Agency, а изведувач е компанијата Inner Circle Logistics Inc.(ICL). Во текот на април се реализараа активностите од Задача 3 – План за спроведување на пилотот (Task 3 - Implementation Plan for the Pilot).

19. На 16 април во Белград, беше реализирана средба помеѓу генералните директори на Царинските управи на Република Македонија и Република Србија, на која беше разгледан начинот на учество на српската царина во Пилот проектот за прекугранично олеснување на трговијата помеѓу Република Македонија, Република Бугарија и Република Србија, финасиран од Владата на Соединетите Американски

Држави, преку U.S. Trade and Development Agency. Исто така, на средбата беа разгледани и можностите за имплементација на целосна електронска размена на царински податоци кои ќе служат за потребите на анализа на ризик и разузнавање.

20. Во рамките на активностите на GTZ проектот за реформа на даночниот систем-превземање на наплата на акцизи од Управата за јавни приходи, во април беше реализирана посета од страна на германски експерт чија цел е да изработи физибилити студија за наплата на акцизите од страна на Царинската управа на целата територија на Република Македонија.

21. Царинската управа учествуваше и ја координираше на национално ниво меѓународната операција SHADOW 3 за следење на транспортите со цигари и тутун, организирана од SECI центарот.

22. Во CEN базата на Светската царинска организација се внесени податоци за 10 заплени реализирани од Царинската управа на Република Македонија.